# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Во врска со ценовно чувствителната информација објавена на 18.04.2017 година од страна на „Макпетрол“ АД – Скопје, а која се однесува на лиценцата за складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт на „Макпетрол“ АД – Скопје, Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (РКЕ) ја информира јавноста за следното:

РКЕ, поради обемноста на документацијата потребна за постапката за лиценцирање, како и сложеноста на нејзиното обезбедување од други надлежни институции, а согласно надлежностите кои произлегуваат од член 22, став 1, точка 1 од Законот за енергетика (“Службен весник на РМ” бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14 , 33/15 , 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), и се однесуваат на обезбедување на сигурно снабдување со нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт на енергетскиот пазар, одлучи да го продолжи рокот за преземање на одделни дејствија во постапката за продолжување на лиценцата за Складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт на „Макпетрол“ АД – Скопје и донесе Заклучок, со кој го продолжи рокот на важење на лиценцата за една година.

Со оглед на тоа што се работи за државни резерви со нафта и нафтени деривати кои се чуваат и стопанисуваат од страна на барателот на лиценцата МАКПЕТРОЛ АД Скопје, во складишни капацитети за кои сеуште не е решен правниот статус, при одлучувањето РКЕ го зеде во предвид претходно наведеното, поради што се одлучи лиценцата за Складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт на „Макпетрол“ АД - Скопје, со евидентен број НД-02.04.1/05.2/09.2/15 („Службен весник на РМ“, 84/05, 45/09 и 172/2015), да остане во сила, со што „Макпетрол“ АД – Скопје сеуште е носител на лиценцата за Складирање на сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, издадена на 02.10.2005 година, со која ја врши дејноста складирање на резервите од нафтени деривати во државна сопственост, како и на сопствените резерви.

Со ваквиот пристап РКЕ му даде можност на „Макпетрол“ АД – Скопје, додека траат постапките за обезбедување на документацијата за лиценцирање, лиценцата да биде во функција, а се со цел да не се наруши складирањето и обновувањето на државните резерви на нафта и нафтени деривати.

Во Заклучокот, РКЕ се повикува на сигурноста во снабдувањето со нафта и нафтени деривати и ја остава во сила лиценцата, од причина што чувањето на задолжителнни резерви од нафта и нафтени деривати претставуваат обврска за секоја држава членка или земја кандидат за влез во Европската унија.

На крај сметаме за потребно да истакнеме дека со донесениот Заклучок, РКЕ остава можност на „Макпетрол“ АД - Скопје и понатаму да ја врши енергетската дејност, **но не му наложува да ја врши оваа нерегулирана енергетска дејност, ако од истата трпи штета и загуба.**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Скопје,
18.04.2017 година